## *ПРОГРАМА*

***Duo op.15*** — **Norbert Burgmuller** (1810-1836)

***Fantasy and Variations op.81*** — **Ludwig Spohr** (1784-1859)

***Sonata No.1 F-moll op.120*** — **Johannes Brahms** (1833-1897)

I. Allegro appassionato
II. Andante un poco Adagio
III. Allegretto grazioso
IV. Vivace

***Intro et Rondo*** — **Vanja Nikolovski** (b. 1969)

***Grand Duo Concertant op. 48*** — **Carl Maria von Weber** (1786-1826)

I. Allegro con fuoco
II. Andante con Moto
III. Allegro

**Бранко Павловски** дипломирал и магистрирал на УКИМ Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. И. Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија во Софија во класата на П. Радев, Академијата за музички уметности во Прага кај Ш. Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај кај Ф. Купер, и Националниот Конзерваториум во д'Аврej - Париз кај Д. Видал. Павловски завршил докторски студии на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет на Луизијана во Батон Руж, САД, во класата на Р. Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година. Во моментов е вонреден професор на Факултетот за музички уметности на УГД во Штип. Претходно во својата педагошка дејност работел како професор во ДМБУЦ „И. Николовски – Луј“ во Скопје.

Павловски настапува во САД, Франција, Англија, Германија, Чешка, Полска, Унгарија, Италија, Бугарија, Грција, Хрватска, Србија и Македонија. Тој работел во Воениот Оркестар на АРМ, Батон Руж Симфонискиот Оркестар, а истотака соработувал со Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана, Прага Моцарт Оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националнот Конзерваториумот во Версај, Македонската Филхармонија, ФЕИМС Оркестарот, Скопски Солисти, ЛСУ Симфонискиот Оркестар, ЛСУ Дувачкиот Ансамбл и др. Настапува на повеке фестивали во земјата и странство како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Интервокс, Охридско лето, Скопско лето, Златна лира, МодоАрс, Есенски музички свечености, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители 'Кирил и Методиј' во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка Младина на Македонија, и др. Тој бил член на повеќе камерни состави: Скопскиот дувачки квинтет, квинтетите „Арт“ и „Нова“, Трио Академико, ЛСУ Кларинет Квинтетот, ЛСУ Камерениот Ансамбл, Академското дувачкото трио.

Павловски е лауреат на повеќе државни и меѓународни натпревари по музика и има добиено голем број награди и признанија.